Македонска аикидо федерација – Аикикаи Македонија

# СТАТУТ

на

Македонската аикидо федерација – Аикикаи Македонија

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ

**Скопје, 21 март 2019 година**

Врз основа на член 5 и член 18 од Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на РМ 52/10, 135/11 и 55/16), и член 22 од Статутот на Македонската аикидо федерација – Аикикаи Македонија (донесен на 11.09.2006), Генералното собрание на Македонската Аикидо Федерација – Аикикаи Македонија, на седницата одржана на 21 март 2019 година, усвои пречистен текст на

# С Т А Т У Т

## НА

## МАКЕДОНСКАТА АИКИДО ФЕДЕРАЦИЈА – АИКИКАИ МАКЕДОНИЈА

### Член – 1

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Дефиниции

1. Македонската Аикидо Федерација – Аикикаи Македонија под терминот **аикидо** ја подразбира само боречката вештина основана од господинот Морихеи Уешиба во XX век во Јапонија.
2. Во согласност со ставот 1 од овој член, во боречката вештина аикидо натпревари не се дозволени.
3. За потребите и целите на овој Статут во понатамошниот текст ќе се користат уште и следните термини:

   а) ***АИКИКАИ МКД*** – скратен назив за: **Македонска Аикидо Федерација – Аикикаи Македонија**;

   б) ***АК*** - го означува терминот: **Аикидо клуб**;

   в) Делегат – го означува лицето избрано од секој поединечен АК, како негов претставник во Генералното собрание.

### Член – 2

### Форма, дејност, име и седиште

1. ***АИКИКАИ МКД***, е непрофитно здружение на граѓани кое е основано и работи согласно законската регулатива, овој Статут и другите акти на АИКИКАИ МКД.
2. АИКИКАИ МКД е независна во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со овој статут, не подлежи на било какво политичко и религиско влијание од надвор и во таа насока во нејзини рамки ги забранува сите форми на било каква политичка, религиозна, полова, етничка или расна дискриминација.

3. Граѓаните се здружуваат во АИКИКАИ МКД, користејќи го со закон утврденото право за слободно здружување во здружение заради остварување на нивните цели, дејности и заштита на права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и закон, а во врска со практикувањето на боречката вештина аикидо.
4. Претежната дејност на АИКИКАИ МКД, според Националната класификација на дејности – НКД Рев.2 е:

   94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, не спомнати на друго место.
5. АИКИКАИ МКД, е регистрирана на неопределено време со целосна одговорност .
6. Полното име на здружението е: **Македонска Аикидо Федерација – Аикикаи Македонија**. Скратен назив: **АИКИКАИ МКД**.
7. Седиштето на АИКИКАИ МКД е во Скопје на адреса: Никола Тесла 2/2-26, а дејствува на целата територија на државата.
8. АИКИКАИ МКД може да членува во било која сродна федерација на меѓународно и национално ниво ако тоа е од стратешки интерес за неа. Одлуките за зачленување ги донесува Генералното собрание на АИКИКАИ МКД.

## Член – 3

## Јавност

1. Работата на АИКИКАИ МКД се заснова на начелото на јавност во работењето.
2. Јавноста на работењето се остварува преку:

   а) Транспарентно објавување на статутот и другите акти на организацијата во согласност со статутот;

   б) Отвореност и достапност за присуство на јавноста на состаноците на Генералното собрание. Присуството мора да биде најавено;

   в) Овозможување на увид во финансиското работење на АИКИКАИ МКД од страна на делегатите во Генералното собрание на АИКИКАИ МКД;

   г) Информирање преку електронските медиуми и други гласила за работата на АИКИКАИ МКД.

## Член – 3-а

## Непрофитност

1. АИКИКАИ МКД не се основа заради стекнување добивка.

2. АИКИКАИ МКД може да врши дејности со кои може да стекне добивка, ако дејноста е поврзана со целите утврдени со овој статут.
3. Ако во работењето на АИКИКАИ МКД се оствари добивка, истата мора да биде употребена за остварување на целите утврдени со овој статут.
4. Остварената добивка од ставот (3) на овој член не може да се распределува меѓу основачите, членовите, членовите на органите, вработените или кое било друго со нив поврзано лице.

## Член – 4

## Знак, печат и штембил

1. Знакот на АИКИКАИ МКД го утврдува Генералното собрание на АИКИКАИ МКД со посебен акт.
2. Печатот е во форма на круг, со знакот во средината. На периметарот е испишано: „Македонска Аикидо Федерација - Аикикаи Македонија“ и „Macedonian Aikido Federation – Aikikai Macedonia“.
3. Штембилот е правоаголен и ги содржи името на здружението, седиштето и адресата на неговата интернет страница, како и празно место за број и датум.

## Член – 5

## Јазик

1. Официјален јазик на АИКИКАИ МКД е македонскиот јазик.

## Член – 6

## Цели и дејности

1. Работата на АИКИКАИ МКД се одвива заради остварување на следните цели:

   а) да ја развива, афирмира, промовира, контролира и регулира боречката вештина аикидо во државата;

   б) во своите рамки да воспостави стандарди во врска со програмата за подучување на аикидо и во врска со полагањето за степени, и истите да ги усогласи со меѓународните стандарди воспоставени од релевантните аикидо институции;

   в) да се грижи, во своите рамки, па и општо во државата, да ја зачува вештината аикидо во духот на основачот;

   г) да воспоставува, одржува и проширува односи поврзани со вештината аикидо во сите форми на меѓународно и национално ниво;

д) да ги штити заедничките интереси на сите членки на АИКИКАИ МКД;

ѓ) да го развива и негува професионализмот на сите АК, членки на АИКИКАИ МКД;

е) да извршува и други работи кои се од интерес за вештината аикидо во државата.

2. Дејностите со кои се остваруваат целите на АИКИКАИ МКД се:

а) организира аикидо презентации и семинари во сите форми и нивоа во државата, во согласност со внатрешните акти на АИКИКАИ МКД;

б) ја промовира вештината аикидо преку сите достапни медиуми во државата;

в) организира едукативни курсеви за запознавање со вештината аикидо;

г) праќа свои претставници на меѓународни настани поврзани со вештината аикидо;

д) Извршува и други дејности за стекнување средства кои се користат за остварување на целите од став 1 на овој член;

## Член – 7
## II. ЧЛЕНСТВО

1. АИКИКАИ МКД го сочинуваат самостојните аикидо клубови како членки, кои ги исполнуваат условите за членство пропишани со овој Статут.
2. Одлука за прием на нова членка донесува Генералното собрание на АИКИКАИ МКД.
3. Членка на АИКИКАИ МКД може во исто време да припаѓа и на друг сојуз, асоцијација или федерација.
4. Во Генералното собрание и пред другите органи на АИКИКАИ МКД, секоја членка ја претставува и застапува делегат кој таа самостојно го назначува.

## Член – 8
## Аикидо клубови

1. Аикидо клубовите (АК), се самостојни и одговорни се за развојот, унапредувањето и практикувањето на аикидото во рамките на својот клуб.
2. За да стане членка на АИКИКАИ МКД, секој АК треба да ги исполнува следните услови:

а) Да има својство на правно лице, т.е. да биде регистриран како здружение на граѓани кај надлежниот орган. Да има свој Статут и други акти.

б) Да ги обврзува сите свои членови да плаќаат годишна членарина кон АИКИКАИ МКД. Висината на членарината ја одредува Генералното собрание на АИКИКАИ МКД.

в) Да има инструктор кој има дозвола од АИКИКАИ МКД за подучување аикидо. Дозволите се регулираат со внатрешни акти на АИКИКАИ МКД.

3. АК, кој не ги исполнува условите од став 2 на овој член од оправдани причини, може да се припои на АИКИКАИ МКД со претходна согласност на Генералното собрание на АИКИКАИ МКД, но до исполнувањето на условите останува без право на глас и без право на активно учество во работата на Генералното собрание.

## Член – 9

## Постапка за стекнување статус на членка

1. За да стане членка на АИКИКАИ МКД, секој АК треба да поднесе писмено барање до секретарот на АИКИКАИ МКД.
2. Барањето треба да ги содржи следните додатоци:

а) доказ со кој се потврдува дека АК е правно лице регистрирано пред надлежен орган;

б) копија од Статутот и другите акти;

в) Одлука од собранието на кандидатскиот АК за пристапување во АИКИКАИ МКД, каде што:

- се потврдува дека кандидатскиот АК се согласува, го прифаќа и ќе се придржува на Статутот, правилниците и другите акти на АИКИКАИ МКД;

- се потврдува дека ќе ги почитува одлуките и директивите на АИКИКАИ МКД;

- се потврдува дека сите негови членови ќе ја плаќаат годишната партиципација кон АИКИКАИ МКД;

## Член – 10

## Одлука за прием на членка

1. Писменото барање од страна на АК, Генералниот секретар на АИКИКАИ МКД го упатува до Управниот одбор на АИКИКАИ МКД.
2. Управниот одбор на АИКИКАИ МКД, врши преглед на содржината и исправноста на поднесените докази и материјали, а врз основа на тоа дава препорака до Генералното собрание, да донесе одлука за прием во членство.
3. Генералното собрание на АИКИКАИ МКД донесува конечна одлука за прием на членка, и Управниот одбор издава сертификат за членство во АИКИКАИ МКД.

## Член – 11

## Правни ефекти од приемот за членка

1. После извршениот прием за членка на АИКИКАИ МКД, АК ги стекнува сите права и обврски согласно овој Статут и Законот за здруженија и фондации.
2. Членка на АИКИКАИ МКД не може да дејствува во име на АИКИКАИ МКД или да ја претставува на било каков начин доколку за тоа нема писмено одобрение.
3. Новопримената членка треба да определи свој претставник во Генералното собрание и за тоа да го извести Управниот одбор на АИКИКАИ МКД.

## Член – 12

## Права на членките

1. Членките ги имаат следните права:

   а) да бидат поканети на Генерално собрание, да го добијат дневниот ред, да учествуваат во работата на Генералното собрание со своите претставници (делегатите), и право да гласаат во согласност со Став 2 од овој член;

   б) нивните членови да имаат членски книшки издадени од АИКИКАИ МКД во кои ќе се води евиденција за постигнатите степени во аикидото, посетеноста на семинари и плаќањето на годишната партиципација;

   в) да предлагаат кандидати за други тела во АИКИКАИ МКД;

   г) да бидат информирани за работата во АИКИКАИ МКД преку интернет страницата на АИКИКАИ МКД;

   д) нивните членови да учествуваат во сите семинари и демонстрации организирани од страна на АИКИКАИ МКД, согласно критериумите и системите за нивно одржување;

   ѓ) да ги користат и сите други права согласно овој Статут и другите акти

на АИКИКАИ МКД.

е) да се групираат според начинот на вежбање или следење на определен учител, и притоа да имаат независност во однос на техничките аспекти на практикувањето на вештината.

2. Правото на глас секоја членка го добива само под следните услови:

а) членката да има минимум 10 (десет) членови;

б) минимум 10% од вкупниот број на членови да излезат на полагање во рок од една година;

в) Годишните членарини од сите членови да бидат собрани во прввиот месец од финансиската година, а доколку нов член пристапи подоцна, исто така во рок од еден месец од неговото пристапување да биде наплатена годишната членарина. Пристапувањето на нов член не може да биде подоцна од неговото прво полагање за степен во рамки на федерацијата.

## Член – 13

## Обврски на членките

1. Секоја членка – АК ги има следните обврски:

а) да се грижи и да ги штити интересите на АИКИКАИ МКД, а во секој случај да се воздржува од било какви активности спротивни на интересите на АИКИКАИ МКД;

б) да ги плаќа редовно сите трошоци и надоместоци;

в) да дава известувања и информации до Управниот одбор на АИКИКАИ МКД за промените на своите акти;

г) да ги прифати, почитува и спроведе сите акти (Статутот, правилниците, директивите и одлуките) на АИКИКАИ МКД;

д) да ги преземе сите мерки и активности, за сигурна примена и спроведување на актите од одредба **г)**, од страна на сите негови членови;

ѓ) да го почитува начелото за ненатпреварување;

е) да ги почитува принципите на лојалност, интегритет и пристојно однесување;

ж) да ги решава сите настанати евентуални недоразбирања во рамките на АИКИКАИ МКД, преку демократски дијалог и решенија кои се во интерес на развојот на вештината аикидо на целата територија на

државата;

з) да ги почитуваат и превземаат сите други обврски од овој Статут или од правилниците, директивите и одлуките на АИКИКАИ МКД.

## Член – 14

## Суспензија (Привремено исклучување)

1. Генералното собрание има право да го суспендира (привремено да го исклучи) на максимален период од две (2) години, секој АК кој ги прекршува Статутот и другите акти на АИКИКАИ МКД.
2. Во случај на итност, Управниот одбор на АИКИКАИ МКД може да донесе мерка за привремено исклучување, кое влегува во сила веднаш и ќе трае до донесувањето на конечната одлука од страна на Генералното собрание.
3. Членката која е суспендирана, односно привремено исклучена ги губи сите права на членство додека трае суспензијата, а Генералното собрание ќе ги утврди сите правни и технички последици што поради суспензијата ќе ги сносат членовите кои припаѓаат на суспендираниот АК.

## Член – 15

## Губење статус на членка

1. Статусот на членка се губи со истапување, исклучување или престанок на постоење на членката. Воедно, губењето на статусот на членка значи и престанување на сите права во врска со АИКИКАИ МКД.
2. Губењето на статусот на членка не ја ослободува членката од нејзините финансиски обврски спрема АИКИКАИ МКД или спрема другите членки на АИКИКАИ МКД кои ги имала во моментот на губењето на статусот на членка.

## Член – 16

## Истапување

1. Членството може да се откаже во писмена форма, најмалку 3 (три) месеци однапред и тоа само на крајот на финансиската година.

## Член – 17

## Исклучување

1. Генералното собрание може да исключи членка, поради непочитување и сериозни прекршувања на Статутот и другите акти на АИКИКАИ МКД.

## Член – 18

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА

## Органи и тела на АИКИКАИ МКД

1. АИКИКАИ МКД ги има следните органи и тела:

   а) Генерално Собрание;

   б) Управен одбор;

2. АИКИКАИ МКД има и други тела кои се одредуваат според и во согласност со внатрешни акти.

## Член – 19

## А. ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ

## Дефиниција и состав

1. Генералното собрание е највисок орган на АИКИКАИ МКД, а составено е од делегатите на сите членки на АИКИКАИ МКД.
2. Освен делегатите, на Генералното собрание се повикуваат почесни претседатели и членови, и лица од страна кои се определени од Генералното собрание како лица за консултации, сите без право на глас.

## Член – 20

## Избор на делегати

1. Секој делегат е назначен од својот АК со самостојна одлука. Делегатите ги претставуваат АК на ниво на АИКИКАИ МКД. Доколку назначениот делегат е лице различно од претседателот или старешината на одреден АК, тогаш одлуката за неговото назначување мора во писмена форма да биде доставена до Генералното собрание.
2. Мандатот на делегатите е неограничен. Нивното менување се врши во рамките на секој поединечен АК.
3. Мандатот на делегатот може да биде прекинат и во случај на:

   а) исклучување на АК, чиј делегат е тој;

   б) суспендирање на АК, чиј делегат е тој;

   в) изречена затворска казна повеќе од шест месеци.

## Член – 21

## Број и одредување на делегати

1. Бројот на делегати зависи од бројот на АК што се членки на АИКИКАИ МКД.
2. Бројот на делегати се одредува според следниот критериум:

   а) секоја членка ја претставува 1 делегат;

## Член – 22

## Надлежности

1. Генералното собрание ги има следните надлежности:

   а) го донесува, врши измени и дополнувања на Статутот на АИКИКАИ МКД;

   б) донесува, врши измени и дополнувања на годишна програма за работа и на други акти на АИКИКАИ МКД;

   в) усвојува годишен извештај за работа и го објавува на својата веб страница;

   г) ја усвојува годишната завршна сметка и одлучува за распределба на добивката или за покривање на загубата;

   д) го усвојува извештајот на Претседателот на АИКИКАИ МКД;

   ѓ) го усвојува извештајот за активностите на Управниот одбор;

   е) го донесува буџетот;

   ж) доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Националниот Буџет, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;

   з) го одредува износот на годишните членарини кои ги плаќаат членовите од секој АК кон АИКИКАИ МКД;

   ѕ) одлучува за промена на целите на АИКИКАИ МКД;

   и) избира претседател, потпретседател и секретар и го отповикува мандатот на претседателот, потпретседателот и секретарот;

ј) одлучува по предлогот на Управниот одбор за именување на почесен претседател или почесен член од лица што имаат посебни заслуги за аикидото во АИКИКАИ МКД;

к) донесува одлука за примање, суспендирање или исклучување на членка;

л) одлучува за зачленување на АИКИКАИ МКД во сродни организации на меѓународно и национално ниво;

м) одлучува за доделување на признанија и награди предложени од Управниот одбор;

н) одлучува за расформирање на АИКИКАИ МКД со двотретинско мнозинство на гласови од сите делегати.

## Член – 23

## Редовно генерално собрание

1. АИКИКАИ МКД одржува редовни и вонредни Генерални собранија;
2. Редовно Генерално собрание свикува Управниот одбор, еднаш годишно, во периодот од три месеци по завршувањето на финансиската година. Поканите за седницата на Генералното собрание мора да бидат испратени на членките најмалку 30 дена пред неговото одржување.
3. Дневниот ред го одредува Управниот одбор. Дневниот ред, извештајот за активностите, буџетот, завршната сметка и другите релевантни документи, мора да бидат испратени на членките најмалку 30 дена пред состанокот.
4. Секој делегат, освен почесните претседатели и членови, има право да бара дополнување на дневниот ред. Воедно треба да се осигура дека Генералниот секретар на АИКИКАИ МКД го примил издржаното барање, најмалку 20 дена пред состанокот.

## Член – 24

## Дневен ред за редовното Генерално собрание

1. Дневниот ред за редовното Генерално собрание мора да ги содржи најмалку следните точки:

а) обраќање на Претседателот;

б) усвојување на записникот од претходното генерално собрание;

в) усвојување на извештајот од Управниот одбор;

г) усвојување на завршната сметка за претходната година;

д) усвојување на буџетот за следната година;

ѓ) разгледување на предлог амандманите на Статутот и на правилниците на АИКИКАИ МКД, за кои е надлежно Генералното собрание;

е) прашања од делегатите и разно.

2. Приемот на нова членка мора да стои во дневниот ред и тоа по завршувањето на сите дискусии.
3. Суспензијата или исклучувањето на членка мора да се изврши пред да почне било каква дискусија.
4. Дневниот ред може да биде изменет само ако со гласање се изјаснат две третини од присутните делегати.

## Член – 25

## Вонредно Генерално собрание

1. Управниот одбор може да закаже вонредно Генерално собрание, доколку оцени дека тоа е неопходно.
2. Управниот одбор е должен да закаже вонредно Генерално собрание, ако најмалку 1/3 делегати достават писмено барање и тоа не покасно од 30 дена од доставувањето на истото. Ако собранието не се закаже, делегатите што го испратиле барањето можат сами да го закажат собранието.
3. Известувањето за собранието мора да биде испратено најмалку 30 дена пред состанокот, до сите делегати.
4. Дневниот ред и другите релевантни документи, мора да бидат испратени до делегатите најмалку 10 дена пред собранието.
5. Кога вонредното Генерално собрание е закажано по иницијатива на Управниот одбор, истиот мора да го направи и дневниот ред. Кога вонредното Генерално собрание е закажано по иницијатива на најмалку 1/3 делегати, дневниот ред мора да ги содржи точките предложени од тие делегати.
6. Дневниот ред на вонредното генерално собрание не може да се промени под никакви околности.

## Член – 26

## Кворум

1. Генералното собрание донесува полноважни одлуки, кога се присутни апсолутното мнозинство (50% + 1) од делегатите што имаат право на глас, освен за прашањата поврзани со измени во статутот и расформирање на АИКИКАИ МКД, кога е потребно да бидат присутни две третини од делегатите со право на глас.

2. Ако не е обезбеден кворум, треба да се одржи второ генерално собрание, и тоа 7 дена по првото со истиот дневен ред. За второто Генерално собрание не е потребен кворум, освен ако која било точка од дневниот ред не предвидува измени во Статутот на АИКИКАИ МКД, избор на претседател, отстранување на еден или на повеќе членови од орган на АИКИКАИ МКД, исклучување членка на АИКИКАИ МКД или расформирање на АИКИКАИ МКД.

## Член – 27

## Водење на Генералното собрание

1. Генералното собрание го води претседателот на АИКИКАИ МКД или потпретседателот доколку претседателот е отсутен или не е во можност да присуствува. Ако и потпретседателот е отсутен или не е во можност да присуствува, Генералниот секретар одбира лице од делегатите да го води собранието. Препорака е, Генералното собрание да го води делегат кој има највисок степен во аикидо.

## Член – 28

## Одлуки

1. Генералното собрание не може да донесува одлуки за прашања кои не се на дневен ред.
2. Членките ги претставуваат нивните назначени делегати. Секој делегат има право на еден глас, и не може да претставува друга членка.
3. Доколку не е на друг начин предвидено со Статутот, одлуките се донесуваат со просто мнозинство (50% +1) од гласовите на делегатите што се присутни и имаат право на глас.
4. Одлуките поврзани со промена на седиштето на АИКИКАИ МКД, измени на Статутот, измени на дневниот ред на редовното Генерално собрание, отстранување на член од орган, избор на почесен претседател или член, исклучување на членка од АИКИКАИ МКД или расформирање на АИКИКАИ МКД, мора да бидат донесени со двотретинско мнозинство гласови од сите делегати што имаат право на глас.
5. Гласањето се одвива со подигање на рацете или со прозивање, освен ако една третина од присутните делегати со право на глас не побараат тајно гласање.
6. Неправилните гласачки ливчиња, празните гласачки ливчиња или било кои други форми на неправилности, нема да бидат земени во предвид при броењето на полноважно дадените гласови.
7. Во случај на изедначено гласање, гласањето се повторува. Доколку и второто гласање е изедначено, одлуката ја донесува претседателот.
8. Гласање со полномошно е дозволено, само ако носителот на полномошното е член на АК чиј што делегат го издал полномошното.

9. Одлуките донесени на состанокот, треба да влезат во сила еден ден по нивното донесување, освен ако на состанокот не се одреди друг датум.

## Член – 29

## Б. УПРАВЕН ОДБОР

## Состав

1. Управниот одбор е извршен орган на АИКИКАИ МКД, кој раководи со АИКИКАИ МКД.
2. Управниот одбор е составен од 3 членови, и тоа Претседателот, Потпретседателот и Генералниот секретар на АИКИКАИ МКД, избрани од страна на Генералното собрание.
3. Секој делегат во собранието на АИКИКАИ МКД може да предложи најмногу еден кандидат за член на Управниот одбор на АИКИКАИ МКД, не покасно од 20 дена пред Генералното собрание, на чиј дневен ред е избор на Управен одбор. Кандидатот мора да е делегат во Генералното собрание на АИКИКАИ МКД и не треба да биде постар од 60 години, да бил активен во аикидото и претходно да не бил кривично осудуван.
4. Претседателот на АИКИКАИ МКД, истовремено е и претседател на Управниот одбор.
5. Листата на кандидати треба да биде испратена до Генералниот секретар на АИКИКАИ МКД. Официјалната листа на кандидати мора да биде проследена до делегатите во Генералното собрание на АИКИКАИ МКД, заедно со дневниот ред за Генералното собрание, на кое ќе се врши изборот на Управен одбор.
6. Членка на АИКИКАИ МКД не може да има повеќе од еден претставник во Управниот одбор.

## Член – 30

## Траење на мандатот

1. Траењето на мандатот на претседателот, потпретседателот и на Генералниот секретар е 3 (три) години, со право на повторен избор.
2. Мандатот на претседателот, потпретседателот и на другите членови на Управниот одбор, не може да биде продолжен.
3. Ако некое место во Управниот одбор е испразнето (освен претседателското), Управниот одбор мора да го пополни испразнетото место до следното Генерално собрание, кога ќе биде избран нов член на Управниот одбор. На новоизбраниот член на Управниот одбор мандатот нема да му биде полн туку ќе му заврши кога и на останатите членови.

## Член – 31

## Состаноци

1. Управниот одбор треба да одржува состаноци по потреба во текот на една година. Претседателот на Управниот одбор ги свикува и закажува состаноците.
2. По барање на член на Управниот одбор, претседателот мора да закаже состанок во рок од две недели од доставувањето на барањето. Ако претседателот не закаже состанок во тој период, тогаш членот што го доставил барањето може да го закаже состанокот.
3. Претседателот го одредува дневниот ред за состаноците. Потпретседателот и Генералниот секретар мора да ги достават до претседателот своите предлог точки за дневниот ред на состанокот, најмалку две недели пред состанокот. Дневниот ред мора да биде испратен до членовите на Управниот одбор најмалку осум дена пред состанокот.
4. Состаноците на Управниот одбор не се јавни, меѓутоа Управниот одбор може да покани трети лица да присуствуваат на состанокот. Тие лица немаат право на глас и можат да искажат мислење само со дозвола на Управниот одбор.

## Член – 32

## Водење на состаноци

1. Генералниот секретар на АИКИКАИ МКД ги подготвува состаноците на Управниот одбор.
2. Состаноците на Управниот одбор ги води претседателот, доколку претседателот е отсутен или не е во можност да присуствува состанокот не може да се одржи.

## Член – 33

## Надлежности

1. Управниот одбор ги има следните надлежности:

    а) управува со работата на АИКИКАИ МКД;

    б) врши надзор на активностите на АИКИКАИ МКД во сите области;

    в) подготвува и закажува редовни и вонредни генерални собранија;

    г) изготвува предлог - буџет и завршна сметка;

д) изготвува извештаи за своите активности;

ѓ) подготвува правилници и акти што треба да ги донесе Генералното собрание, и ги донесува сите други акти од своја надлежност;

е) воспоставува и одржува соработка со меѓународните и националните органи и тела, а воедно предлага и претставници на АИКИКАИ МКД во истите;

ж) доставува предлози до Генералното собрание за избор на почесен претседател и почесен член на АИКИКАИ МКД;

з) доставува информации до членките на АИКИКАИ МКД и јавноста;

ѕ) дава согласност на статутите и правилниците на поединечните АК - членки на АИКИКАИ МКД, како и на нивните измени и дополнувања;

и) издава сертификати за статус на членка;

ј) предлага доделување на признанија и награди од различен вид.

2. Одлучува и за прашања кои не се во надлежност на другите орани и тела на АИКИКАИ МКД.
3. По потреба може од други лица и органи да побара советодавни услуги, како и да додели извршување на одредени задачи од својата надлежност.

## Член – 34

## Одлуки

1. Управниот одбор не може полноважно да одлучува, ако не се присутни два (2) од неговите членови.
2. Секој член има право на еден глас. Гласање со полномошно не е дозволено.
3. Управниот одбор донесува одлуки со просто мнозинство од присутните членови. Во случај на ист број на гласови, лицето што претседава со состанокот го има одлучувачкиот глас. Отсутен член не може да гласа.
4. Секој член на Управниот одбор има право да дискутира и да го искаже своето мислење.
5. За донесените одлуки се води записник.
6. Одлуките што се донесени од Управниот одбор влегуваат во сила веднаш, освен ако Управниот одбор не одлучи поинаку.

## Член – 35

## Претседател

1. Само делегат во Генералното собрание може да биде избран за Претседател на АИКИКАИ МКД.

2. Претседателот мора да има живеалиште на територијата на државата.
3. Само делегатите во Генералното собрание на АИКИКАИ МКД може да предложат кандидат за Претседател на АИКИКАИ МКД. Предлогот мора да биде доставен до Генералниот секретар на АИКИКАИ МКД, во писмена форма и најдоцна 20 дена пред одржувањето на Генералното собрание.
4. Претседателот ги има следните надлежности:
   а) ја претставува АИКИКАИ МКД;
   б) закажува Генерално собрание и состаноци на Управниот одбор;
   в) претседава со Генералното собрание и со состаноците на Управниот одбор;
   г) се грижи за спроведување на одлуките на Генералното собрание и Управниот одбор;
   д) се грижи за правно и ефикасно функционирање на органите на АИКИКАИ МКД и за остварување на целите од овој Статут.
5. Ако претседателот е отсутен или не е во можност да присуствува, неговите надлежности ги превзема потпретседателот. Доколку и потпретседателот е отсутен или не е во можност да присуствува, Управниот одбор ќе го води член на Управниот одбор кој најдолго време е член или пак најстариот член на Управниот одбор.
6. Било какви дополнителни надлежности на Претседателот ќе бидат содржани во внатрешните организациски правилници на АИКИКАИ МКД.

## Член – 36
## Застапување и потпис

1. Претседателот ја застапува АИКИКАИ МКД. Претседателот може да ополномошти и друго лице да го заменува и да врши одредени задолженија.
2. Документите на АИКИКАИ МКД се потпишуваат со заеднички потпис на претседателот и генералниот секретар.

## Член – 37
## Потпретседател

1. Само делегат во Генералното собрание може да биде избран за Потпретседател на АИКИКАИ МКД.
2. Само делегатите во Генералното собрание на АИКИКАИ МКД може да предложат кандидат за Потпретседател на АИКИКАИ МКД. Предлогот мора да биде доставен до Генералниот секретар на АИКИКАИ МКД, во писмена форма и најдоцна 20 дена пред одржувањето на Генералното собрание.

3. Потпретседателот ги превзема надлежностите на Претседателот кога тој не е во можност да ги извршува.
4. Било какви дополнителни надлежности на Потпретседателот ќе бидат содржани во интерните организациски правилници на АИКИКАИ МКД.

## Член – 38

## В. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

1. Генералниот секретар е постојан административен орган на АИКИКАИ МКД.
2. Генералниот секретар ги врши подготовките за Генералното собрание и за состаноците на другите органи и тела на АИКИКАИ МКД.
3. Генералниот секретар ги изготвува записниците од Генералното собрание и од состаноците на другите органи и тела на АИКИКАИ МКД.
4. Ги врши и одржува административно-техничките работи на АИКИКАИ МКД.
5. Ги чува документите и деловодните книги на АИКИКАИ МКД.
6. Генералниот секретар ги спроведува одлуките на органите и телата на АИКИКАИ МКД, а кои се во негова надлежност.
7. Генералниот секретар го именува Генералното собрание со мандат на време од 3 години.
8. Кандидатот за Генерален секретар, треба да има организациски и други квалитети за успешно извршување на работата и од странските јазици да го зборува најмалку англискиот.
9. Генералниот секретар е одговорен за спроведување и извршување на своите активности.
10. Генералниот секретар мора да учествува во работата на Генералното собрание, на Управниот одбор и на другите тела и органи. Доколку не е во можност да присуствува, одредува замена.

## Член – 39

## IV. ФИНАНСИИ

## Сметки на АИКИКАИ МКД

1. АИКИКАИ МКД има своја жиро сметка во една или повеќе банки во Скопје избрани од Управниот одбор.

## Член – 40

## Финансиски период

1. Финансискиот период е една година и почнува на 1-ви јануари, а завршува на 31-ви декември.

## Член – 41

## Приходи

1. Приходите на АИКИКАИ МКД потекнуваат од следните извори:

   а) Годишна членарина од членовите на сите АК;

   б) приходи од комерцијалните права (реклама, маркетинг, публикации, секаков вид на медиумски права и други) на кои АИКИКАИ МКД има право;

   в) приходи од таксата за пријавите за полагање за степен;

   г) доброволни прилози, донации, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија;

   д) средства од Националниот буџет, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје;

   ѓ) дејности со кои се стекнува добивка, кирии и закупнини, како и приходи од инвестиции, дивиденди, камати, заеми и други приходи во согласност со закон.

## Член – 42

## Трошоци

1. АИКИКАИ МКД во својата работа ги покрива следните трошоци:

   а) трошоците предвидени во буџетот;

   б) другите трошоци одобрени од Генералното собрание и трошоците на кои има право Управниот одбор во делокругот на своите надлежности;

   в) сите други трошоци за извршување на целите и задачите на АИКИКАИ МКД.

## Член – 43

## Книговодство

1. Книговодството треба да се води во согласност со книговодствените закони, правила и принципи.
2. АИКИКАИ МКД задолжува книговодител за извршување на книговодствените работи.

## Член – 44

## V. РАСФОРМИРАЊЕ

### Одлука

1. За престанување на работата - расформирање на АИКИКАИ МКД, потребно е двотретинско мнозинство од вкупниот број на делегати со право на глас во Генералното собрание, кое се свикува посебно за таа цел.

## Член – 45

### Управување со имотот

1. Во случај на престанување - расформирање на АИКИКАИ МКД, вкупниот имот не може да биде разделен помеѓу членките на АИКИКАИ МКД. Истиот ќе биде дониран во добротворни цели.

## Член – 46

## VI. ИНДИВИДУАЛНИ ОРГАНИЗИРАЊА

### Организирање семинари

1. АИКИКАИ МКД е надлежна за организирање на официјални семинари и аикидо демонстрации одржувани на територијата на државата.
2. Членките можат да организираат семинари во свои рамки за кои АИКИКАИ МКД не е одговорна.
3. Членките се обврзуваат семинарите што ги организираат во свои рамки да не се одвиваат истовремено со семинарите организирани од АИКИКАИ МКД.

## Член – 47

## VII. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

### Интернет страница на АИКИКАИ МКД

1. АИКИКАИ МКД има своја интернет страница која е нејзино официјално стручно-информативно гласило.
2. Управниот одбор донесува посебни акти во поглед на содржината, финансирањето и други активности поврзани со оваа интернет страница.

## Член – 48

## Дипломи, сертификати, признанија и награди

1. АИКИКАИ МКД, во согласност со посебни внатрешни акти, е надлежна за доделување на степени за техничко достигнување во боречката вештина аикидо. За истите издава дипломи.
2. АИКИКАИ МКД доделува и други сертификати во согласност со нејзините внатрешни акти.
3. АИКИКАИ МКД може да додели признанија и награди за посебни заслуги за аикидото во својата држава. Управниот одбор на АИКИКАИ МКД донесува посебен акт, кој се однесува на условите, постапката и видот на признанијата и наградите.

## Член – 49

# VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## Извршување

1. Управниот одбор на АИКИКАИ МКД, се грижи за примената на Статутот и донесува соодветни одлуки за негово доследно почитување и извршување.

## Член – 50

## Работи кои не се предвидени со Статутот

1. Работите кои не се предвидени со Статутот или случаите на виша сила, мора да бидат утврдени од страна на Управниот одбор. Против одлуките во врска со нив не може да се поднесе жалба.

## Член – 51

## Преодни одредби

1. АИКИКАИ МКД, треба да ги усогласи своите акти до 60 дена по стапувањето на сила на овој Статут.
2. АК, треба да ги усогласат нивните сопствени статути и правилници до 60 дена по стапувањето на сила на овој Статут.
3. Со донесувањето на овој статут престанува да важи Статутот на АИКИКАИ МКД донесен на основачкото собрание на 11 септември 2006 г.

## Член – 52

## Донесување и влегување во сила

1. Овој Статут е усвоен на основачкото собрание, одржано на 11 септември 2006 година во Скопје со учество на следниве членки-основачи на АИКИКАИ МКД:
   - АК Хенбо аикидо доџо - Скопје;
   - АК Аикидо Икеда доџо - Скопје;
2. Измена на овој Статут е усвоена на Вонредно Генерално собрание, одржано на 21 март 2019 година во Скопје со учество на следниве членки на АИКИКАИ МКД:
   - АК Хенбо аикидо доџо - Скопје;
   - АК Аикидо Икеда доџо - Скопје;
   - АК Заншин – Куманово;
   - АК Бушидо – Велес; и
   - АК Хеиши – Скопје.
3. Овој Статут влегува во сила од денот на запишувањето на АИКИКАИ МКД во регистарот кај надлежниот орган.

**Скопје, 21.03.2019 година**

**МАКЕДОНСКА АИКИДО ФЕДЕРАЦИЈА – АИКИКАИ МАКЕДОНИЈА**

| Генерален секретар | Претседател |
| --- | --- |